Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 274/9
23-04-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-274/1 од 27.02.2024 година, поднесена од група родители на ученици од 6то до 9то одделение, запишани во ОУ "Санде Штерјоски" од Кичево кои следат настава на турски јазик, за извршена дискриминација во областа на образованието и науката од страна на директорот на ОУ "Санде Штерјоски" од Кичево, со седиште на ул."11ти Септември", број 143 во Кичево, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА** поведена по претставка број 08–274/1 од 27.02.2024 година, поднесена од група родители на ученици од 6то до 9то одделение, запишани во ОУ "Санде Штерјоски" од Кичево кои следат настава на турски јазик, **поради повлекување на претставката од страна на подносителите.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 27.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на група родители на ученици од 6то до 9то одделение запишани во ОУ "Санде Штерјоски" од Кичево кои следат настава на турски јазик, против директорот на училиштето Беким Јусуфи.

Во претставката се наведува дека родителите на ученици од 6то до 9то одделение запишани во ОУ "Санде Штерјоски" од Кичево, кои следат настава на турски јазик сметале дека над нивните деца се врши дискриминација поради тоа што за наставник по физичко образование е поставен наставник кој не го познавал турскиот јазик ниту македонскиот јазик. Наставата по овој предмет според наводите се изведувала со гестикулации.

По ова Комисијата се обрати до ОУ "Санде Штерјоски" од Кичево со Барање број 08-274/3 од 28.02.2024 година заради потребата од произнесување по наводите во претставката, а на 05.03.2024 година со Барање број 08-274/4 се обрати до Државниот просветен инспекторат заради потребата од произнесување по спорниот настан.

Во меѓувреме на 19.03.2024 година сочинет е Записник од остварен телефонски разговор со еден од родителите – подносител на претставката кога е констатирано

дека проблемот со наставникот во турските паралелки од 6то до 9то одделение кој не го познавал ниту турскиот ниту македонскиот јазик, а го познавал само албанскиот јазик, бил надминат на начин што наставникот повеќе не одржувал настава на учениците од овие одделенија, но истиот наставник бил преместен од страна на директорот на училиштето да реализира настава во пониските одделенија, односно на ученици од 1во до 5то одделение.

По ова на 19.03.2024 година, Комисијата повторно се обрати до Државниот просветен инспекторат преку електронска пошта со Барање број 08-274/6 за соодветно постапување од страна на инспекторатот, а на 25.03.2024 година сочинет е Записник број 08-274/7 за извршен непосреден увид во документација и остварен службен разговор од страна на членот известител по предметот со директорот на ОУ "Санде Штерјоски" од Кичево, а воедно прибавено е Известување бр. 0905-3/5 од 22.03.2024 година на Државен просветен инспекторат. Во Записникот е наведена изјава на директорот Беким Јусуфи со која потврдува дека има наставник кој одржува настава по физичко образование на ученици во турски паралелки, кој не го владее турскиот ниту македонскиот јазик, туку само албанскиот, но дека тоа било привремено решение додека не се најде друг наставник кој ќе одговара на потребите на учениците, согласно законот. Комисија не била формирана бидејќи било итно потребно да се обезбеди наставник со цел учениците да не останеле без настава. Воедно директорот дал ветување дека проблемот ќе биде надминат во рок од 3 (три) дена. Во Известувањето од Државниот просветен инспекторат е наведено дека од страна на просветен инспектор е констатирано дека наставникот по физичко образование во ОУ "Санде Штерјоски" бил примен во училиштето на 05.01.2024 година со Договор за работа број 04-6/1 за што од страна на општината издадена била согласност за итни и неодложни работи најмногу за 3 (три) месеци за прием на еден наставник - работно место ослободено по повод именување на директор на училиштето. Наставникот реализирал настава во паралелки на турски јазик од 6то до 9то одделение во училиштето, во период од 05.01.2024 до 15.03.2024 година. Од 18.03.2024 година со внатрешна распределба на директорот на училиштето наставникот по физичко образование настава реализирал на ученици од 1во до 5то одделение. Сметано од истиот ден по реакција на родителите, наставникот не реализира настава во паралелките на турски наставен јазик.

Како резултат на сето гореизнесено, на 16.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставено е Барање 08-274/8 за повлекување на претставка во кое е наведено дека родителите го поднесуваат истото поради навремено, брзо и разумно решавање на настанатиот проблем кој е предмет на поднесената претставка за заштита од дискриминација, во интерес на учениците.

Врз основа на гореизнесеното, а согласно член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) согласно кој: ***"Комисијата носи заклучок за нповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.",*** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
23.04.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Замнеик Претседател
Димко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива